**Abstract:** This paper is offering both theoretical and practical framework for rethinking multiculturalism from local perspective. The main hypothesis is that thinking multiculturalism has its own peculiarities that defers from society to society and that those should be taken into consideration when thinking of this phenomenon. Our claim is that every concept of multiculturalism is derived from specific local circumstances and thus addresses the problems connected with those specific circumstances. Thus, as one can see, here in Macedonian circumstances we do have specific multicultural challenges but we lack specific theoretical response and practical solution to those challenges.
We suppose that narrow treatment of multiculturalism, as multi-ethnicism, and interculturalism as interethnicism is too inappropriate, not only from practical point of view, but rather from theoretical and scientific. One's identity is not determined solely by his ethnical background, but rather by a complexity of factors that influence and build one`s personal identity.
Secondly, and more important, staying solely on the ground of multiculturalism does not provide society's integration. Looking that way on multiculturalism, we can agree that multiculturalism is dead, even more it was not alive ever. Multiculturalism is possible as interculturalism, and thus intercultural integration. Actually, only interculturalisam can provide intercultural integration it the society. This paper is just an attempt to depict the theoretical and practical framework of that possibility. It shows that movement of the perspective from false integrational to truly integrational thanks to the intercultural integration. Staying on multiculturalism solely cannot take the society to full and total integration. Actually staying on multiculturalism can provide only false picture that we are practising multiculturalism, while in reality there is minimum tolerance and maximum distance between different ethnical and cultural groups. They tolerate each other to the extend sufficient to live "besides" not "with" each other. This cannot lead to tolerance in long term. Truly multicultural society is fully integrated society. This paper offers theoretical development of the model of intercultural integration in schools that can be effective in establishing and promoting intercultural integration. The practical implementation of the model was offered by an NGO, and this paper is result of author's involvement into that project. I was asked to develop theoretical framework of the intercultural integration practise which I did, this paper is a part of that effort.
**Keywords:** multiculturalism, intercultural integration, interculturalism, school, education

# УЧИЛИШТА ЗА ИНТЕРКУЛТУРНА ИНТЕГРАЦИЈА: ОД МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ ДО ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗАМ

**Трајче Стојанов**
Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Македонија
trajce.stojanov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Овој труд нуди теоретска рамка за преобмислување на мултикултурализмот од една локална перспектива. Главната хипотеза е дека мултикултурализмот е специфичен и зависен од општествените прилики кои мора да бидат земени предвид при размислувањето за овој феномен. Впрочем, сите мултикултурни теории се никнати од специфични, локални проблеми и се обид за теориско промислување на практичните проблеми специфични за тоа поднебје. Во нашиот случај евидентно е дека имаме специфични мултикултурни предизвици за кои ни недостасува теоретски одговор и со тоа и практично решение на истите.
Претпоставуваме дека тесното разбирање во нашиот случај на мултикултурализмот како мултиетничност и на интеркултурализмот како интеретницизам е крајно несоодветно, не само од практична гледна точка, туку и од теоретска и научна перспектива. Ничиј идентитет не е детерминиран единствено од неговиот етнички бекграунд, дури ниту етничките групи, како групно издиференцирани идентитети, не се компактни до таа мера да може да се издвои само етничката компонента како единствена основа за нејзината специфичност.
Понатаму и можеби поважно, останувањето исклучиво на полето на мултикултурализмот не може да обезбеди општествена интеграција. Ако така се гледа на мултикултурализмот, ќе се согласиме дека тој е

мртов, впрочем, таков никогаш и не бил жив. Мултикултурализмот е можен единствено како интеркултурализам и оттука како интеркултурна интеграција. Впрочем, само интеркултурализмот може да обезбеди општествена интеграција. Овој труд е само обид да се наслика таа теориска и практична можност. Го покажува придвижувањето на перспективата од лажна интеграција кон вистинска интеграција, благодарение на интеркултурализмот. Останувањето исклучиво на мултикултурализмот не може да доведе до целосна интеграција. Всушност останувањето на мултикултурализмот може да обезбеди лажна слика дека се практикува мултикултурализам, а во реалноста има минимум толеранција за да се преживее, а максимум дистанца помеѓу етничките и културните диверзитети. Тие се толерираат меѓусебно само за да би преживеале едни покрај други, но не и едни со други. Ова не може да води ниту до толеранција на долг рок. Вистинско мултикултурно општество е целосно интегрирано општество. Овој труд нуди теоретска разработка на интеркултурната интеграција, онака како што беше замислена и практикувана од една невладина организација, во чија реализација учествуваше и авторот на овој труд.
**Клучни зборови**: мултикултурализам, интеркултурна интеграција, интеркултурализам, училиште, образование.

## ВОВЕД

Трудов е теориско-практична разработка на тези за интеркултурната интеграција во училиштата. Делумно е резултат од авторовото учество во конкретен проект за интеретничка интеграција, но во голема мера е теориско-практична рефлексија од долгогодишното искуство во академската средина и предизвиците со кои се соочував токму на тој план.

Предизвикот во таа смисла беше двоен: од една страна да се пронајде и аплицира соодветна теориска рамка но и да се развие соодветна пракса. И обете беа сериозно предизвикани од едноставниот факт на недоволното автентично промислување на мултикултурната стварност од домашната интелектуална и академска елита, која ќе го рефлектира локалното искуство. Имено, сите теории, дури и тие што ние овде ги приведуваме се никнати од разновидни локални искуства и во никој случај не се апликабилни универзално, додека пак нашата домашна пракса никогаш не е промислена доволно длабоко, ниту достатно емпириски анализирана.

Во таа смисла и оваа идеја претставена тука за интеркултурна интеграција е само скица, во никој случај детално разработена теорија, ниту пак оригинална практика на авторот. Таа е само теориска рефлексија на практиката на една невладина организација во чиј проект имав чест да учествувам и бев замолен да го направам оваа теориска разработка, како дел од прирачникот за истиот. Овој труд е дел од тој напор теориски да се врами концептот за интеркултурна интеграција во училиштата како пат до вистинска мултиетничка, но и пред сѐ мултикултурна Македонија.

## ДВА ИЗВОРА НА МУЛТИКУЛТУРАИЗМОТ

Во најопшта, дескриптивна смисла, мултикултурализмот означува исто што и **културен плурализам**, т.е. посочува на разновидноста, мноштвеноста и културната разноликост во едно општество. Свеста за постоењето на разноликоста на културите кои споделуваат еден простор, стана доминантна тема во политичката философија во последниве две-три децении. Со тоа, сите се сензибилизираа за значењето на правата и слободите на групите.

Но, во потесна, нормативна смисла, кога ќе се каже мултикултурализам, се мисли на една идеја, теорија и пракса која треба да ја организира таа културна разноликост на начин кој подеднакво би го одразувала идентитетот на сите култури. Мултикултурализмот како идеја се врзува за политичката философија која сака да одговори на диверзитетот во едно општество. Поддржувачите, овој дискурс го темелат уверувањето дека индивидуалните права и слободи не се доволни за да ја рефлектираат, заштитат и унапредуваат културната разноликост и затоа е потребен одреден специјален „сет“ на колективни права кои би дале одредени колективни права на разните културни заедници во општеството. Ваквиот концепт промовира потреба за посебни права на одредена група или групи, за да им се даде можност да го изразат како својот идентитет, така и своите барања, т.е. права.

Мултикултурализмот никне од неколку политички теории - „политики на идентитет“[58], „политики на разлики“[59] „политики на признавање“[60] или „групно издиференцирани права“.[61] Без да навлегуваме поединечно во секоја од овие теории, сите тие, во основа можеме да ги сведеме на два извора.

[58] Gutmann, A., 2003, *Identity in Democracy,* Princeton: Princeton University Press
[59] Young, I.M., 1990, *Justice and the Politics of Difference,* Princeton, NJ: Princeton University Press

Првиот доаѓа од комунитаристите[62] и нивната критика на либерализмот. Впрочем првите најави на мултикултурализмот никнаа токму во таборот на комунтаристите. „Па така, бранителите на мултикултурализмот на почетокот беа вовлечени во комунтаризмот како можна философска основа за малцински права“[...] т.е. „природната еволуција на комунтаризмот беше во правец на некоја форма на мултикултурализам.“[63] Затоа што за комунтаристите колективот е пред поединецот, уште повеќе поединецот е резултат, плод на колективот. Со тоа, за нив, групата, заедницата е пред поединецот. Во таа смисла, сите општествени добра мора да се достапни на сите. Како што би рекол Тејлор, еден од најпознатите застапници на оваа теорија, општествените добра, токму затоа се општествени, оти им припаѓаат на сите. Па во таа смисла не може некоја група, со самиот факт што е „различна“ да нема пристап до истите права. И од тука, „комунтаристите на мултикултурализмот гледаат како на соодветен начин за заштита на заедниците од уништувачкиот ефект на индивидуалната автономија.“[64]

Вториот извор на мултикултурализмот, всушност доаѓа од рамките на самите либерални теории и теоретичари. Најпознатиот претставник меѓу нив, Вил Кимлика, вели дека токму заради *темелните вредности на либерал*измот: **автономијата**, **слободат**а и **еднаквоста на индивидуите**, треба да се испорачаат повеќе права на групите кои само по игра на случај во некое општество се малцинство и не можат да бидат одговорни за својата состојба. Тој се обидува да ја ревидира либералната идеја дека поединецот самиот и единствено самиот е одговорен за својата судба, со тоа што сака во самите либерални теории да ја вгради идеја за заедница.  Впрочем, како што вели самиот Кимлика „некои барања за малцински прва ги зајакнуваат либералните вредности.“[65]

Да, се согласува тој со либералните теории – сите сме самите одговорни за сопствените постапки и со тие постапки го градиме нашиот живот и од нив зависи нашиот успех и нашата среќа. Но сепак, некои околности не можеме да ги промениме, ниту пак ние самите ги создаваме. Не можеме да ја прифатиме нееднаквоста само заради тоа што произлегува од самиот факт дека припаѓаме на малцинска група, **оти не е резултат на наша одлука** и за неа ние не можеме да бидеме одговорни. Затоа, треба да се земат предвид овие нееднаквости и да им се излезе во пресрет.

Во тоа на кратко се состои суштината на двете стојалишта за мултикултурализмот. Во секој случај и обете стојалишта го афирмираат ставот дека културата, т.е. разните културни **групи** треба да бидат **центарот** на политичката теорија и пракса. Државата не може да биде индиферентна кон културата и културните разлики. И токму затоа овие „групно издиференцирани права“ (Кимлика), вклучуваат исклучоци од постоечките практики, сѐ со цел на дотичните групи да им се овозможи рефлексија на нивните особености и права.

Овие исклучоци подразбираат разни активности: од мултилингвални гласачки ливчиња за избори, преку финансирање на училишта за малцинските јазици, па сѐ до квоти и „позитивна дискриминација“ при образование, вработување во државниот апарат и сл. Ова оди дури и до таму што ваквите „групно издиференцирани права“ понекогаш можат и директно да ја ограничуваат слободата или правата на оние кои не се дел од групата, сѐ со цел да им се овозможи на членовите на групата да ја заштитат својата култура и да ги остварат своите права.[66] Со ова концептот на мултикултурализам станува пракса, се оживотворува, затоа што во случајов се работи за интеркултурализам преку **интеркултурна,** во македонскиот случај главно интонирана како **интеретничка интеграција**, што повторно е дисторзија на концептот и негово

---

[60]Taylor, C., 1992, “The Politics of Recognition,” in *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* A. Gutmann (ed.), Princeton: Princeton University Press

[61]Kymlicka, W. 1989, *Liberalism, Community, and Culture,* Oxford: Oxford University Press

[62] Под комунтаризам се подразбира политичка и социјална философија која во прв план ја става заедницата, поточно - заедницата пред поединецот. Овие теории никнат во 80-тите години на минатиот век како одговор на либерализмот и либертијанизмот, иако самиот термин „комунтаризам“ е скован уште во 1841 од Гудвин Барби. Меѓу најпознатите застапници на оваа теорија се канадскиот философ ЧарлсТејлор и американскиот Мајкл Сандел, британскиот Алисдир Мекинтаер

[63] Вил Кимлика, *Современа политичка философија,* Академски печат, Скопје, 2009, 361

[64] Ibid., 361

[65] Ibid., 367

[66] Типичен ваков случај е на пример во Квебек, каде е **забранета** употребата на англискиот јазик.

**ОД МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ ПРЕКУ ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗАМ...**

Но, многу бру се увиде дека мултикултурализмот не е доволен. Концептот на мултикултурализмот беше предизвикан од праксата и доведен во ситуација да биде ревидиран. Слично, како и во ситуацијата во Македонија, се покажа дека „политиките на признавање“, „групно издиференцираните права“ и сл. не успеаја да овозможат **инклузија** на различните културни групи во општеството, туку напротив, го поделија општеството и ги атомизираа, сегрегираа и гетоизираа заедниците. Така никна концептот наречен **интеркултурализам**, кој инсистира на тој **меѓукултурен дијалог** и взаемно разбирање.

Во оваа смисла, мултикултурализмот може да се смета за „пасивен“, дескриптивен поим кој само отсликува одредена состојба на **културен плурализам**, егзистенција на повеќе култури на еден простор, при што не мора да значи дека таа состојба претставува заедничко оптшење на културите што го споделуваат тој простор. Мултикултурализмот е нужната, почетна основа. Без јасно разработен и усвоен концепт на мултикултурализам нема **прифаќање на сличностите**, но и **почитување на разликите.** Мултикултурализмот впрочем е токму тоа – свест дека културите имаат како свои специфики, така и свои разлики и токму затоа е потребно и **прифаќање на сличностите**, но и **почитување на разликите**.

**Интеркултурализмот,** пак, е „динамичен“, но и **нормативен** поим, кој инсистира првенствено на потребата од дијалог и интеракција, но и соработка меѓу културите. Тој во оваа смисла претставува **програма** за општествена акција. Оттука, интеркултурализмот претставува и **процес** кој се стреми кон *квалитативни промени во мултикултурната средина.* Затоа што веќе не е доволен самиот факт за мултикултурноста на општеството, веќе не е доволна само **толеранција**, оти **толеранцијата е пасивен принцип**, не е доволно само пасивно прифаќање на фактот на мултикултурноста на општеството – потребна е **интеграција**.

Но за интеграција, неопходна е првенствено **интеракција!** Интеграцијата е **резултат** од интеракцијата, но интеракцијата пак, е **услов** за интеграција. Не можете да се интегрирате ако воопшто не комуницирате. Затоа, уште еднаш - идејата за **меѓуетничка интеграција во образованието** и овој прирачник се замислени и водени од таа идеја за **интеграција преку интеракција!** Само **взаемни контакти** можат да ги интегрираат заедниците.

А интеграцијата значи повеќе од само **коегзистенција** на повеќе култури на еден простори (затоа концептот на мултикултурализмот не е веќе доволен); интеграцијата значи дури повеќе и од **прифаќање и почитување** на таа разноликост. Зошто? Затоа што првиот аспект – **коегзистенцијата** – е пасивност, тука ние ништо и не правиме, освен што го констатираме тој прост факт дека еден простор споделуваат повеќе култури. Културите ќе си коегзистираат и без нашата свесност за тоа. Вториот аспект – **прифаќање и почитување** – е само **отсуство на шовинизам** и **ксенофобија** и повторно нема активна компонента во себе си. Што треба да направиме активно за прифаќање и почитување? - Ништо, освен да се воздржиме да „не го убиеме“ другиот! Така, се покажува дека и двата аспекта не бараат наш свесен напор да ја промениме состојбата и да придонесеме за интеракција и инклузија.

**...ДО ИНТЕРКУЛТУРНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Но кога коегзистенцијата претпоставува не само споделување на ист простор и не само прифаќење и почитување (толеранција), туку и взаемна **соработка, упатеност еден на друг заради обезбедување заедничка егзистенција** – е тогаш зборуваме за **интеркултура** и **интеграција**. Невозможно е да имате интегрирано општество, ако индивидуите од различни етнички и културни заедници воопшто немаат контакт меѓу себе. Во таков случај можеби и ќе имате привиден мир и ред, но кој секогаш во својата најдлабока основа е потенцијален конфликт. Коегзистенцијата и толеранцијата е привиден ред, замрзнат конфликт. Затоа соживотот е недоволен, потребен е живот – заеднички.

Значи, сумарно, говориме за три ситуации во мултикулктурните релации[67]:

1. **Сегрегација** – кога културите постојат на еден простор, но се целосно одвоени, изолирани една од друга.
2. **Паралелизам** – кога културите живеат едни покрај други, без интеракција и меѓусебна соработка.
3. **Интеграција** – кога постои доверба и соработка помеѓу културите во остварување на заедничката егзистенција.

[67] Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Работен материјал: *Меѓуетничка интеграција во образованието: обука за тимови за училишна интеграција, јуни* 2013




Коегзистенција со сеграгација Коегзистенција со паралелизам Коегзистенција со интеграција

Во првиот случај луѓето се **еден до друг;** во вториот се **еден со друг**, а само во третиот случај се воедно и **еден за друг**. Тоа е смислата на заедништвото – еден за друг, оти целта е заедничка, таа бара да се биде еден за друг, оти не се може **еден без друг.**

Па така, можеме да кажеме дека **коегзистенција на повеќе етнички заедници, кои освен што го споделуваат просторот, и се потпираат една на друга за да обезбедат заедничка егзистенција,** претставува **<u>интеретничко интегрирано општество.</u>**[68]

Во Македонија, за жал, состојбата на овој план не е баш оптимистичка. Различните етнички заедници покажуваат прилично големо ниво на меѓусебна дистанцираност. Емпириските истражувања детектираат многу ниско ниво на соработка и интеграција. [69] Во основа на тие истражувања би можело да се изведат следниве заклучоци за односот на различните етнички заедници едни кон други:

1. Македонците и Албанците живеат **паралелно** – едни покрај други
2. Ромите се **подеднакво дистанцирани** како од Македонците, така и од Албанците
3. Србите се „**мешаат**" со Македонците, но се **дистанцирани** од Албанците
4. Турците се „**мешаат**" главно со Албанците, но се нешто **подистанцирани** од Македонците

Гледаме во сите овие ситуации заедниците или се еден до друг, сегрегирани и изолирани, или во најдобар случај, живеат во „паралелни универзуми"; во никој случај ниту една заедница не живее „еден за друг", во ниту еден случај **немаме коегзистенција со интеграција**. Токму ова е состојбата која сметаме дека може да се промени единствено преку образованието.

Можеме слободно да кажеме дека во голема мерка ситуацијата е таква токму поради образованието кое „произведува" такви тенденции. Имено, во **повеќејазичните** училишта во Македонија, голем дел од учениците се разделени врз основа на наставниот јазик – или во различни смени, или во различни делови од училиштето, дури неретко и во различни, посебни згради. Додека во **еднојазичните** училишта, учениците – припадници само на едната заедница немаат никаква можност за допир и комуникација со ученици со друг јазик и од друга заедница. И на крај – во **сите** училишта повеќето ученици се оптоварени со етнички стереотипи и предрасуди.[70]

И токму ова е состојбата што впрочем сакаме да ја промениме - да работиме на создавање на **интегрирано општество.** А таа промена мора да се случи во образованието, затоа и мислиме дека идејата за **меѓуетничка интеграција во образованието е клучот**. Еден од најпроминентните теоретичари, кој веќе го споменавме, Ч. Тејлор, во својата студија „Политики на признавање", кога говори за „признавањето" на вредноста на различните култури и идентитети, веднаш упатува на училиштето како место каде ова признавање се операционализира[71] Училиштето и со курикулумите, но и со целокупната педагошка пракса треба да ја имплицира, рефлектира и промовира различноста. Па во оваа смисла - само низ образованието

---

[68] Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Работен материјал: *Меѓуетничка интеграција во образованието: обука за тимови за училишна интеграција, јуни* 2013

[69] Истражувањето на *Почетната состојба во врска со меѓуетничката интеграција во образованието* спроведено 2102 година: http://mk.pmio.mk/wp-content/uploads/2013/04/IIEP-BASELINE-STUDY_MAC.pdf.

[70] Ibid.

[71] [71]Taylor, C., 1992, "The Politics of Recognition," in *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* A. Gutmann (ed.), Princeton: Princeton University Press

може да се создадат *интеркултурни компетенции* и да се развие *чувствителноста за другиот*, како и да се изгради личноста врз *принципите на демократичност, еднаквост* и *човекови права*. Нам ни требаат училишта што ќе ја промовираат и унапредуваат меѓуетничката интеграција, оти *само личности излезени од такво училиште, таа интеграција ќе ја промовираат и во општеството*.

**ЗАКЛУЧОК**

Трудот претставуваше обид за теоретско врамување на концептот за интеретничка интеграција во образованието, концепт промовиран од една невладина организација во чија реализација учествував и самиот. Во трудот беа ползувани искуствата, но и некои од резултатите од истражувањата направени за таа прилика. Она што и тогаш и сега, не се согласував е третманот на мултикултурализмот исклучиво како мултиетничност, а оттука и третманот на интеркултурната интеграција како интеретничка интеграција. Таквото несогласување остана присутно и во тогашната и во сегашната теориска разработка на концептот. Претпоставуваме дека тесното разбирање во нашиот случај на мултикултурализмот како мултиетничност и на интеркултурализмот како интеретницизам е крајно несоодветно, не само од практична гледна точка, туку и од теоретска и научна перспектива. Ничиј идентитет не е детерминиран единствено од неговиот етнички бекграунд, дури ниту етничките групи, како групно издиференцирани идентитети, не се компактни до таа мера да може да се издвои само етничката компонента како единствена основа за нејзината специфичност.

Во таа смисла, дури и останувањето исклучиво на полето на мултикултурализмот не може да обезбеди општествена интеграција. Ако така се гледа на мултикултурализмот, ќе се согласиме дека тој е мртов, впрочем, таков никогаш и не бил жив. Мултикултурализмот е можен единствено како интеркултурализам и оттука како интеркултурна интеграција. Впрочем, само интеркултурализмот може да обезбеди општествена интеграција. Овој труд е само обид да се наслика таа теориска и практична можност. Го покажува придвижувањето на перспективата од лажна интеграција кон вистинска интеграција, благодарение на интеркултурализмот. Останувањето исклучиво на мултикултурализмот не може да доведе до целосна интеграција. Всушност останувањето на мултикултурализмот може да обезбеди лажна слика дека се практикува мултикултурализам, а во реалноста има минимум толеранција за да се преживее, а максимум дистанца помеѓу етничките и културните диверзитети. Тие се толерираат меѓусебно само за да би преживеале едни покрај други, но не и едни со други. Ова не може да води ниту до толеранција на долг рок. Вистинско мултикултурно општество е целосно интегрирано општество. Овој труд нуди теоретска разработка на интеркултурната интеграција, онака како што беше замислена и практикувана од една невладина организација, во чија реализација учествуваше и авторот на овој труд.

Трудот нуди теоретска рамка за преобмислување на мултикултурализмот од една локална перспектива. Главната хипотеза беше дека мултикултурализмот е специфичен и зависен од општествените прилики кои мора да бидат земени предвид при размислувањето за овој феномен. Впрочем, сите мултикултурни теории се никнати од специфични, локални проблеми и се обид за теориско промислување на практичните проблеми специфични за тоа поднебје. Во нашиот случај евидентно е дека имаме специфични мултикултурни предизвици за кои ни недостасува теоретски одговор и со тоа и практично решение на истите. Па во таа смисла, откако се наведоа двата извора на мултикултурализмот од странски автори и теории, се пристапи кон нивно преиспитување. Тоа нè доведе до интеркултурализмот, а оттука многу полесно и до интеркултурната интеграција како одговор на специфичните предизвици на Македонскиот „тип“ на мултикултурализам.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


[1] Gutmann, A., 2003, *Identity in Democracy*, Princeton: Princeton University Press
[2] Kymlicka, W. 1989, *Liberalism, Community, and Culture*, Oxford: Oxford University Press
[3] Kymlicka, W. 1995, *Multicultural Citizenship: A Liberal Theory of Minority Rights*, Oxford: Oxford University Press
[4] Kymlicka, W. 2001, *PoliticsintheVernacular: Nationalism, Multiculturalism, and Citizenship*, Oxford: Oxford University Press
[5] Levy, J.T., 1997, “Classifying Cultural Rights,” *Nomos XXXIX: Ethnicity and Group Rights*, W. Kymlickaand I. Shapiro (eds.), NewYork: New York University Press
[6] Parekh, B., 2000, *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversityand Political Theory*, Cambridge, MA: Harvard University Press
[7] Phillips, A., 2007, *Multiculturalism without Culture*. Princeton, NJ: Princeton University Press
[8] Taylor, C., 1992, “The Politics of Recognition,” in *Multiculturalism: Examiningthe Politics of Recognition*, A. Gutmann (ed.), Princeton: Princeton University Press

[9] Taylor, C., 1995, “Irreducibly Social Goods,”, in *Philosophical Arguments*, Cambridge, MA: Harvard University Press
[10] Young, I.M., 1990, *Justice and the Politics of Difference*, Princeton, NJ: Princeton University Press.
[11] Кимлика, Вил, 2009, *Современа политичка филозофија*, Скопје: Академски печат